СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# Образование за 21 век - Состојби и препораки



Изработил: м-р Наташа Јаневска

*септември, 2019*

# СОДРЖИНА

I. ФИНАНСИРАЊЕ .......... 3
1.1. Финасирање како дел од БДП .......... 3
1.2. Финасирање (издвојување средства) по ученик .......... 5
1.3. Нерационалното трошење на средствата во образованието .......... 6
1.4. Финасирање во образованието и процесот на децентрализацијата .......... 9
II. ИНВЕСТИРАЊЕ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР .......... 10
2.1. Вреднување на работата на наставниците .......... 10
2.2. Менторството како дополнителен стимул за наставниците .......... 16
2.3. Професионален и кариерен развој .......... 16
III. РЕФОРМА НА ПРОФЕСИЈАТА НАСТАВНИК .......... 17
IV. МЕНАЏИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО .......... 20
4.1. Управување со образовните институции .......... 20
4.2. Наставен процес .......... 21
4.3. Практична обука кај работодавач за применливост на вештините и квалификациите на учениците по завршување на образовниот процес .......... 23
4.4. Професионално и кариерно советување на учениците .......... 23
4.5. Релација родител - ученик – училиште .......... 24
V. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И УЧЕБНИЦИ .......... 25
ПРЕПОРАКИ .......... 27
БИБЛИОГРАФИЈА: .......... 29

Образованието има важна функција и претставува двигател на развојот на општеството. Влијанието на образованието и неговите последици се чувствуваат во економијата, културата, науката, технологијата и на државата во целина. Затоа, секоја држава се стреми кон квалитетно образование, а со тоа и кон квалитетен и реализиран поединец. Поради важноста, државата пред се, мора да има дефинирана стратегија за целите и насоките во кои ќе се движи образованието. Тоа значи унапредување на квалитетот на образовните услуги и создавање вработливи, оспособени и конкурентни кадри. Дефинирањето на стратегијата значи да се опфатат сите фактори кои влијаат на квалитетот на образованието и реализација на главните императиви.

# I. ФИНАНСИРАЊЕ

За да се постигне реализација на дефинираната стратегијата, државата треба да обезбеди соодветно финансирање. **Финансирањето, во суштина, е првиот фактор за квалитетно образование, затоа што вложувањето во образованието значи вложување во иднината.**

## 1.1. Финансирање како дел од БДП

Според последните податоци од Државниот завод за статистика[1], нашата земја за образованието **издвоила 3.7% од БДП, што е за 1,3 процентни поени пониско од просекот на земјите во ОЕЦД, кој изнесува 5.0% од БДП[2].** Посебно, во опаѓање е, во периодот од 2011 до 2016 година, кога трошоците за образование во нашата земја како процент од БДП, се намалиле од 4.6% на 3.7**%. Во оваа насока се движи и падот на процентот за трошоци што го издвојува Владата за образованието, од 13.3% во 2011 година, на 11.6% во 2016 година,** прикажано во графикон број 1. Овој процент на трошоци кои се издвоени за образованието е под нивото според мерилото на Обединетите Нации, кое изнесува од 15-20%[3].

**Графикон бр.1.** Бруто домашен производ/Образование, по години




*Извор: Државен завод за статистика*

Според податоците од МФ, проекција за БДП за 2018 и 2019 година, **за 2018 година нашата земја за образованието издвоила 3,66% од БДП, а за 2019 година 3,73% од БДП, што повторно е под просекот на земјите во ОЕЦД,** прикажано во графикон број 2.

---

[1] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Бруто –домашен производ, 2016 година, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.18.01.pdf (пристапено на 3 април 2019)
[2] World Bank, “Improving the Efficiency of Education Spending to Enhance Skills Development” и OECD, *Education at a Glance 2017: OECD Indicators*
[3] Unesco, *2014 Global Education for All Meeting - Final Statement The Muscat Agreement Status of EFA*, 27

**Графикон бр.2.** Бруто домашен производ/Образование, по години




*Извор: Државен завод за статистика и проекции на Министерството за финансии*

Ако се направи споредба со Словенија, како земја со слична традиција на образование како нашето, и со Финска, позната како земја на знаења, во која долги години учениците постигнуваат врвни резултати во PISA тестирањата**, Словенија како држава издвојува 4.3% од БДП[4], што е за 0,6 процентни поени повеќе од нашата земја, додека Финска издвојува 5.7% од БДП[5] што е за 2 процентни поени повеќе од нашата земја.** Споредено со ОЕЦД просекот на БДП, Словенија се движи кон приближување до ОЕЦД просекот, додека издвојувањата за образованието во Финска, се движат над просекот на ОЕЦД.

*Податоците покажуваат* ***дека нашата земја одвојува за 25% помалку средства од овој просекот, а земјите пак кои имаат раст и успех во образовниот систем имаат поголеми одвојувања од Буџетот за таа намена. Словенија одвојува 4.3% од БДП или 14% помалку од просекот на ОЕЦД, а Финска пак 5,7 % од БДП или 35% повеќе, од одвојувањето што го прави нашата земја во однос на БДП. Тоа укажува дека образованието во нашата земја не претставува еден од главните приоритети. Образованието не смее да се третира како трошок, туку како инвестиција во иднината и затоа мора да се спречи намалувањето на процентот на издвојување за образование од БДП и да се настојува негово зголемување на 5%.***




[4] OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators, Slovenia,6*
[5] OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators, Finland,7*

## 1.2. Финасирање (издвојување средства) по ученик

Според средствата што се издвојуваат за образованието, по ученик, споредено во трите земји, во нашата земја, **според Буџетот за 2018 година[6], вкупните трошоци, по ученик, во основното образование изнесуваат 54.721 денари или 995 долари[7], во средното образование изнесуваат 74.503 денари или 1.355 долари, додека 65.867 денари или 1.198 долари во високото образование[8].** Споредено со ОЕЦД просекот, кој изнесува 8.500 долари за основно образование, 10.100 долари за средно образование и 15.500 долари по ученик за високото образование[9], **излегува дека во Северна Македонија за основното образование се издвојува 7.505 долари помалку, за трошоци по ученик од просекот од ОЕЦД, односно отстапувањето од просекот од ОЕЦД е за 88,3%; за средното образование се издвојува 8.745 долари помалку, односно отстапувањето од просекот на ОЕЦД е за 86,6%; и за високото образование се издвојуваа 14.302 долари помалку, односно отстапувањето од просекот на ОЕЦД е за 92,2 %.**

Во споредба со нашата земја, во Словенија, вкупните трошоци на образовните институции, по ученик, изнесуваат 8.500 долари во основното образование, 8.300 долари во средното образование и 10.208 долари во високото образование и во однос на вкупните трошоци по ученик во образованието, Словенија, се стреми да се доближи до просекот на ОЕЦД. Споредено со просекот на Словенија, **излегува дека во Македонија за основното образование се издвојува 7.505 долари помалку, за трошоци по ученик, односно отстапувањето од просекот од Словенија е за 88,3%; за средното образование се издвојува 6.954 долари помалку, односно отстапувањето од** просекот е за 83,6%; и за високото образование се издвојуваа 9.010 долари помалку, односно отстапувањето од просекот од Словенија е за 88,3 %.



Во Финска, вкупните трошоци на образовните институции, по ученик, изнесуваат 9.305 долари во основното образование, 10.482 долари средното образование и 10.391 долари во високото образование. **Во однос со Финска, нашата земја, во основното образование издвојува 8.310 долари помалку, за трошоци по ученик, односно отстапувањето од просекот од Финска е за 89,3%; за средното образование издвојува 9.127 долари помалку, односно отстапувањето од просекот е за 87%; и за високото образование издвојува 9.193 долари помалку, односно отстапувањето од просекот на Финска е за 90%.** Разликата прикажана во табела борј 1 е очигледна, што наведува на фактот дека не е случаен високиот квалитет во образованието.

[6] *Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година*, Службен весник на Република Македонија бр. 207 од 14 ноември 2018 година, 297-314

7 Валута на изразување во ОЕЦД, за споредба

[8] Податоците се без вклучување на науката која во нашата земја посебно се третира.

[9] OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators*, *Slovenia*,6

**Табела бр 1.** Средства издвоени од Буџетот по ученик

| | Северна Македонија | Просек на земјите од ОЕЦД | МК отстапува од ОЕЦД просекот | Словенија | МК отстапува од просекот од Словенија | Финска | МК отстапува од просекот од Финска |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | 995 САД $ | 8.500 САД $ | - 88,3% | 8.500 САД $ | - 88,3% | 9.305 САД $ | - 89,3% |
| Средно образование | 1.355 САД $ | 10.100 САД $ | - 86,6% | 8.300 САД $ | - 83,6% | 10.482 САД $ | - 87 % |
| Високо образование | 1.198 САД $ | 15.500 САД $ | - 92,2 % | 10.208 % | - 88,3% | 10.391 САД $ | - 90 % |

Уште позначајната споредба изразена во реална вредност на вложување по ученик, графикон број 3, покажува дека нашата земја многу малку вложува, односно инвестира во образованието по ученик.

**Графикон бр 3.** Споредба со ОЕЦД просекот за вкупните трошоци по ученик




*И повторно*, ***податоците за вкупните трошоци предвидени, по ученик, во споредба со ОЕЦД просекот и другите земји, укажуваат дека на образованието во нашата земја не се гледа како на еден од главните приоритети во општеството.***

## 1.3. Нерационалното трошење на средствата во образованието

Недостатокот на финансиите со кои се соочува образованието не е последица само на намалување на процентот на издвојување за образованието од БДП. Поголема причина за недостиг на финансии во образованието преставува нерационалното трошење на ограничените финансиски ресурси во образованието. **Постојат податоци за високата стапка[10] на ученик/наставник во негативна насока, односно има поголем број на наставници во едно училиште во однос на бројот на ученици, додека бројот на часови за наставниците и понатаму останува непроменет.**

[10]Државен завод за статистика на Северна Република Македонија http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.05.pdf (пристапено на 12 април 2019 година)

Бројот на ученици во основното образование е променлив. **Гледано од учебната 2012/2013 година, кога бележи најголем број од 194.055 ученика, учебната 2015/2016 година бележи најголем пад на бројот на запишани ученици од 185.992 ученика**. Повторно **благо намалување на бројот од 192.448 ученици бележи учебната 2017/2018 година во однос на учебната 2016/2017 година кога повторно бил зголемен бројот на ученици и изнесувал 192.715 ученици.** Движењето на бројот на ученици во основните училишта, низ годините, е дадено во графикон број 4.

**Графикон бр. 4.** Ученици во основни училишта




*Извор: Државен завод за статистика*

Но, состојбата со наставниците е спротивна. Бројот на наставници се зголемува, без да се внимава дали на бројот на ученици се намалува или зголемува. **Во учебната 2012/2013 година бројот на наставници изнесувал 17.424, додека во учебната 2017/2018 година достигнал до 18.291 наставник, иако во учебната 2015/2016 година се бележи пад на бројот на ученици**, што може да се воочи од графиконот бр. 4. Тоа значи односот наставник ученик е 1: 11, односно на еден наставник му припаѓаа 11 ученика, наместо бројката на ученици да биде над 15. Бројот на наставници во основните училишта, низ годините е даден во графикон број 5.

**Графикон бр.5.** Наставници во основни училишта




*Извор: Државен завод за статистика*

Уште поинтересна е состојбата во средното образование. **Бројот на ученици е обратнопропорционален со бројот на наставници, што значи дека со намалување на бројот на ученици, се зголемува бројот на наставници во средните училишта**. Споредено по учебни години, **од учебната 2012/2013 година кога бројот на ученици изнесувал 88.582 ученици, се бележи континуирано опаѓање на бројот на ученици и во учебната 2017/2018 изнесува 71.458 ученици**,

што може да се воочи од графиконот. Движењето на бројот на ученици во средните училишта, низ годините, е дадено во графикон број 5.

**Графикон бр. 6.** Број на ученици во средните училишта




*Извор:Државен завод за статистика*

За разлика од бројот на ученици, бројот на наставници**, од учебната 2015/2016 година, е во постојано зголемување и од вкупниот број на 7.341 наставник во учебната 2015/2016 година, во учебната 2017/2018 година, достигнал на 7.445 наставници**. Тоа значи на еден наставник припаѓаат 10 ученика. Бројот на наставници во средните училишта, низ годините е даден во графикон број 7.

**Графикон бр. 7.** Наставници во средни училишта




*Извор:Државен завод за статистика*

Ваквата појава придонесува за нерационално трошење на финансиите од образованието за исплата на плати, наместо, истите да се трошат, за инвестиции и нагледни средства, и укажува дека не постојат соодветни механизми за контрола на финансиите.

***Овој индикатор наведува дека државата нема целосна слика за состојбата во образованието во односот на ученик/наставник. Потребно е да се изработи анализа на вкупниот број на ученици и број на вработени наставници и план за распоредување на наставниците кои се останати без часови или со помалку часови, пред да се направи прием на нови кадри.***

## 1.4. Финасирање во образованието и процесот на децентрализацијата

Кога станува збор за финансирање во образованието како негативна страна треба да се спомене и **процесот на децентрализација** (2005) кога на општините им се пренесе надлежноста за финансирање и управување со училишта во соработка со централната власт. **Праксата покажа дека градоначалниците се уште немаат високо развиена свест за улогата на образованието врз државата и нивните одлуки за финансирање се однесуваат на распределбата на средства која се сведува на исплата на плати на наставниците, и тоа 65%, и набавка на стоки и услуги 33,5%, а не во инвестирање средства во образованието**.

Неправилната распределба, посебно на стручните училиштата, по региони, според релевантните потреби на локалната самоуправа и економијата во целост, е уште една причина за нерационалното трошење на финансиите во образованието. Се нудат квалификации кои се несоодветни на реалните потреби на локално ниво што предизвикува несоодветна реализација на практичната обука и стекнување практични вештини кај учениците. Тоа придонесува за незадоволство кај работодавачите од учени, но не оспособени стручни кадри и зголемување на невработеноста. **Податоците од Државниот завод за статистика покажуваат дека најголем интерес за упис, во учебната 2017/2018 година, има за квалификациите во секторот здравство, 24% од вкупниот процент запишани ученици во стручното образование, а веднаш по него следи секторот економија, право и трговија со вкупно 22%. Имајќи предвид, дека Република Северна Македонија е претежно земјоделска земја, за очекување е интересот за упис за стекнување квалификации да биде поголем во секторот земјоделство и ветеринарство, но податоците кажуваат дека процентот на запишани ученици изнесува 3% и 0,10% во секторот хемија и технологија, што не е некој голем процент во однос на процентот на запишани ученици во секторот здравство. Мал процент на запишани ученици има и во секторот туризам, 4% од вкупно запишаните ученици, имајќи во предвид дека нашата земја стана земја од интерес на странските туристи.** Во нагорна линија, единствено, се движи бројката на запишани ученици, за квалификации во секторот електротехника, од 14%, и секторот машинство со 10%, што се должи на новите квалификации изработени според барањата на компаниите и зголемениот број на часови по практична обука на реално работно место во компанијата. Честопати се случува во некои квалификации во определени сектори да нема интерес за упис на ниту еден ученик. Број на запишани ученици по сектори прикажан во графикот број 8.

Уште позагрижувачка е појавата на отворање на гимназиски паралелки во стручните училишта и образување кадри со општообразовни знаења и компетенции. **Тоа значи дека реалните потреби за квалификации и уписната политика во училиштата не се во рамнотежа.** Финансиите се трошат на продуцирање кадри кои не се релевантни на пазарот и тешко се вработуваат.

**Графикон бр. 8** Број на запишани ученици по сектори



***Затоа, за правилно искористување на финансиите во образованието и обезбедување оспособени лица со релевантни квалификации потребна е правилна уписна политика и рационализација на мрежата на стручните училишта според потребите на локалната самоуправа и регионот во целина.***

# II. ИНВЕСТИРАЊЕ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

Следен фактор кој влијае на квалитетот на образованието е улогата на наставникот во образовниот процес и вреднувањето на неговата работа. Професијата наставник е една од најодговорните улоги во државата, а тоа повлекува да биде и една од најпочитуваните професии. Наставникот има има клучна улога во животот на децата и влијае на иднината на општеството во целост.

***Според тоа, врвен приоритет на државата треба да биде привлекување на најдобрите наставници во професијата што зависи, пред се, од висината на платата, можностите за кариерен развој и работните услови.***

## 2.1. Вреднување на работата на наставниците

Висината на платата е важна мотивација за квалитетно работење. **Висината на вкупната исплатена просечна нето плата во образованието изнесува околу 23.448 денари[11], додека висината на вкупната исплатена просечна нето - плата за последната, 2018 година во нашата држава, изнесува 24.276 денари. Но како податок, реалната нето исплатена плата на наставниците во основно образование изнесува е 21.669 денари или 394 долари, во средното изнесува 24.504 денари или 445 долари и во високото образование 34.438 денари или 626 долари.**

Споредено со **потрошувачка кошничка од 32.514 денари** може да се заклучи дека не ги задоволува минималните потреби за еден пристоен живот, а не смеат да се занемарат и потребните дополнителни средства за други животни потреби, стручно усовршување, образование на нивните деца, одмор и сл**. Разликата помеѓу потребните финансиски средства за задоволување на основните животни потреби (потрошувачка кошничка) и просечната исплатена нето плата во образованието изнесува 9.066,08 денари.**

***Овој податок укажува дека исплатената просечна нето – плата во образованието е под просечната нето-исплатена плата во државата и под износот на потрошувачката кошничка, што влијае на мотивацијата во работењето на наставниците, а со тоа и пад на квалитетот во образованието.***

Доколку се направи споредба на растот на платата во образованието, од 2012 година до 2018 година, и растот на потрошувачката кошничка се забележува дека **со растот на потрошувачката кошничка расте и платата,** дадено во табелата број 2, **но сепак, до денес, вкупната исплатена просечна нето-плата во образованието не ја надминала потрошувачката кошничка.**

---

[11] Државен завод за статистика на Северна Македонија

**Табела бр.2**. Потрошувачката кошничка и вкупната исплатена просечна нето плата во образованието, во денари, по години

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Синдикална минимална кошница | 31.468,51 | 32.235,33 | 32.091,26 | 32.284,42 | 32.250,50 | 32297,92 | 32.514,42 |
| Образование | 21.235,50 | 21.234,92 | 21.500,42 | 22.179,25 | 22.189,67 | 22.307,83 | 23.448,33 |

*Извор: Државен завод за статистика*

**Табела бр.3.** Разлика помеѓу потрошувачката кошничка и исплатената просечна нето плата во образованието

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Разлика | - 10233,01 | - 11000,42 | - 10590,85 | - 10105,17 | - 10060,83 | - 9990,08 | - 9066,08 |
| Изразено во проценти | 32,52% | 34,13% | 33,00% | 31,30% | 31,20% | 30,93% | 27,88% |

Од направената споредба на **разликата помеѓу потрошувачката кошничка и исплатената просечна нето-плата во образованието**, за истиот период, прикажано во табела бр.3, се забележува дека со текот на годините разликата опаѓа, но факт е дека и во 2018 година има голема разлика, која **изнесува 27,88 %.**

***Тоа укажува на еден негативен тренд на вреднување на работата на наставниците, што влијае на квалитетот во работењето кај наставниците.***

Споредено со **Словенија**, каде постои систем на наградување согласно работното искуство, **наставниците со помало работно искуство од 15 години, заработуваат во просек 28.823 долари годишно[12] или 2.402 долари месечно. Наставниците со над 15 години работно искуство, земаат зголемена платата, и тоа 38.808 долари годишно или 3.234 долари месечно во основно образование и 40.351 долари годишно или 3,363 долари месечно за наставниците во средно образование.** Споредувајќи со ОЕЦД просеците за плати, се добива податок дека платите на наставниците се под соодветните просеци од 36.900 долари за наставниците во основно образование, 40.600 долари за наставниците во средно образование и 42.800 долари за наставниците за високо образование, но сепак, се повисоки отколку во некои земји како Чешка, Естонија, Унгарија, Полска и Словачка[13]. **Во споредба со нашата земја каде нето-платата на наставниците во основно образование изнесува е 21.669 денари или 394 долари, во средното изнесува 24.504 денари или 445 долари и во високото 34.438 денари или 626 долари,** разликата е премногу очигледна, а тоа влијае на мотивацијата за воспитување и образување на учениците.

Наставничката професија во **Финска** е ценета професија и платите на наставниците се конкурентни во споредба со другите професии**. Годишната нето плата,[14] која се исплаќа врз основа на работното искуство, за наставниците во основно образование изнесува 33.408 долари или 2.784 долари месечно, 36.081 долари или 3.007 долари месечно за наставниците од ниже средно образование[15] и 38.261 долари годишно или 3.188 долари месечно за наставниците од средно образование. Над 15 години работно искуство, наставниците заработуваат повеќе и тоа 40.991 долари годишно или 3.416 долари месечно за наставниците во основно образование и 44.271 долари годишно или 3,689 долари месечно за наставниците во ниже средно образование и**

[12] OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators*, *Slovenia*,6
[13] OECD, *Education at a Glance 2018: OECD Indicators*
[14] OECD,*Education at a Glance: OECD Indicators, Finland,7*
15 Според *Меѓународна стандардна класификација на образованието (ИСЦЕД 2011*) образованието има 8 нивоа и тоа: предучилишно, основно, ниже средно (од VI до IX одделение), средно, постсредно и I,II и III трет циклус на високо образование.

**47.789 долари годишно или 3,982 долари месечно за наставниците во средно образование**. Споредено со нето-плата на наставниците во нашата држава по образовни сектори, очигледна е големата разлика со надоместокот на финските наставници. Од висината на платата и задоволството во работењето зависи мотивацијата на наставниците да се вложуваат во својата професија.

Кога станува збор за растот на просечната исплатена нето-плата на наставниците во нашата земја, може да се направи споредба со растот на просечната исплатена нето-платата во неколку барани сектори, како што се градежништво, информации и комуникации и финансиски дејности и дејности на осигурување. **Во секторот градежништво вкупната просечно исплатена нето-плата во последната година изнесува 22.034 денари, во секторот информации и комуникации изнесува 44.094 денари, додека во секторот финансиски дејности и дејности на осигурување изнесува 41.408 денари[16]. Споредувајќи со вкупната просечна исплатена нето-плата во образованието од 23.448 денари, образованието, заостанува само секторот градежништво, додека разликата помеѓу останатите два сектора изнесува околу 19.000 денари повеќе отколку во образованието.**

Во табелата бр.4 е даден преглед на просечна исплатена месечна нето-плата во четирите сектори по години, во период од 2010 до 2018 година. Најмала просечна исплатена нето-плата бележи секторот градежништвото, ако се земе во предвид и образовната структура[17] на вработените. Но, во овој сектор константно се вложувало во просечната исплатена нето-плата, која во 2015 година изнесувала 15.607 денари за да достигне 22.034 денари, во 2018 година. За разлика од овој сектор, **секторот образование, во периодот од 2010 до 2018 година, бележи најмал раст на просечна исплатена нето-плата во однос на другите сектори и се уште е под вкупната просечна исплатена нето-плата во државата.** Константен зголемен раст на просечна исплатена месечна нето-плата бележи секторот информации и комуникации.

**Табела бр.4**. Вкупно просечна исплатена нето-плата, во денари, по сектори и години

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно просечна исплатена месечна нето-плата, во денари РСМ | 20.554 | 20.848 | 20.903 | 21.146 | 21.394 | 21.904 | 22.342 | 22.927 | 24.276 |
| Градежништво | 15.607 | 15.992 | 16.351 | 17.293 | 18.589 | 19.300 | 21.201 | 20.805 | 22.034 |
| Информации и комуникации | 33.415 | 35.292 | 35.486 | 35.197 | 34.690 | 35.238 | 36.501 | 38.404 | 44.094 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 36.470 | 38.502 | 37.397 | 3.7584 | 38.790 | 39.787 | 39.699 | 40.351 | 41.408 |
| Образование | 21.177 | 21.292 | 21.236 | 21.235 | 21.500 | 22.179 | 22.190 | 22.308 | 23.448 |

*Извор: Државен завод за статистика*

***Овој индикатор покажува дека вложувањата во просечната исплатена месечна нето-плата во образованието се многу скромни со оглед на тежината и одговорноста на наставниците во развојот на иднината на детето и во улогата на развојот на економијата и општеството во целина.***

[16] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија
[17] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/sq/cc083796-4dd3-491c-b531-a0a7b5de0030 (пристапено на 12 април 2019 година)

Споредувајќи го растот на вкупната просечно исплатена месечна нето – плата во државата, секоја година со претходната и во сите четири сектори, **во период од 2010 година до 2018 година,** дадено во табела број 5, **се забележува дека вкупната просечно исплатена месечна нето – плата е во постојан благ пораст. Најголем раст има во 2018 година од 5,89% во однос на 2017%.**

**Табела бр. 5**. Раст на просечно исплатената нето – плата, споредувајќи ја секоја година со претходната година, од 2010 до 2018 година, изразено во проценти

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно просечна исплатена месечна нето-плата, во денари, РСМ | 2,98 | 1,43 | 0,26 | 1,16 | 1,17 | 2,39 | 2,00 | 2,62 | 5,89 |
| Градежништво | -0,19 | 2,47 | 2,24 | 5,76 | 7,50 | 3,82 | 9,85 | -1,87 | 5,91 |
| Информации и комуникации | 0,69 | 5,62 | 0,55 | -0,82 | -1,44 | 1,58 | 3,59 | 5,21 | 14,82 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0,91 | 5,57 | -2,87 | 0,50 | 3,21 | 2,57 | -0,22 | 1,64 | 2,62 |
| Образование | 6,53 | 0,54 | -0,27 | 0,00 | 1,25 | 3,16 | 0,05 | 0,53 | 5,11 |

**Графикон бр. 9.** Процент на раст на вкупната просечна исплатена месечна нето-плата, по години




Анализирајќи го процентот на растот на просечната исплатена нето-плата, по сектори и по години, прикажано во графикон број 9, во **секторот градежништво**, во 2010 година во однос на 2009 година бележи пад од -0,19 %, додека во наредните години бележи пораст. **Најголем пораст има во 2016 година од 9,85 %, додека во 2018 година бележи пораст на просечно исплатена месечна нето – плата од 5,91% во однос на 2017 година, каде има пад од -1,87% во однос на 2016 година,** прикажано во графикон број 10.

**Графикон бр.10**. Процент на раст на просечна исплатена месечна нето-плата, во секторот градежништво, по години




**Секторот информации и комуникации, споредено од 2010 година до 2018 година, бележи највисок раст на просечно исплатената месечна нето – плата до 14,82% во 2018 година,** прикажано во графикон број 11**, што е причина за поголема заинтересираност за вработување во овој сектор, но и висок процент на квалитет во работењето на вработените.**

**Графикон бр.11.** Процент на раст на просечна исплатена месечна нето-плата, во секторот информации и комуникации, по години




**Секторот финансиски дејности и дејности на осигурување**, споредувајќи од 2010 година до 2018 година, прикажано во графикон број 12, **бележи наизменичен раст и пад на просечно исплатената месечна нето – плата,** но сепак просечно исплатената месечна нето – плата е над вкупната просечно исплатената месечна нето – плата во државата.

**Графикон бр. 12.** Процент на раст на просечна исплатена месечна нето-плата, во секторот финансиски дејности и дејности на осигурување, по години




**Во секторот образование,** прикажано во графикон број 13**, може да се забележи дека најголем раст на просечно исплатената месечна нето – плата имало во 2010 година од 6,53% во однос на 2009 година, кога просечно исплатената месечна нето-плата изнесувала 21,177 денари, додека во 2009 година изнесувала 19,878 денари. Голем раст повторно бележи во 2018 година, од 5,11% во однос на 2017 година.** Но воочлив е **фактот дека и со овој раст просечно исплатената месечна нето – плата, е под вкупната просечно исплатена месечна нето – плата во државата.**

**Графикон бр.13.** Процент на раст на просечна исплатена месечна нето-плата, во секторот образование, по години




Споредувајќи го порастот на просечно исплатена месечна нето – плата **во период од 10 години се забележува дека просечно исплатената месечна нето – плата во секторот образование, иако има пораст од 1,85%, останува под вкупната просечно исплатена месечна нето – плата во државата.** Највисок пораст има во секторот градежништво од 3,88%, а најмал пораст има во секторот финансиски дејности и дејности на осигурување, иако просечно исплатената месечна нето – плата во овој сектор е над вкупно просечно исплатената месечна нето – плата во државата. Сепак, не е за потценување и растот во секторот информации и технологија. Просечниот годишен пораст во период од 10 години е прикажан во графикот број 14.

**Графикон бр. 14.** Просечен годишен пораст во период од 10 години




## 2.2. Менторството како дополнителен стимул за наставниците

Освен платата, единствени дополнителни средства, наставникот може да добие доколку прифати да биде ментор[18] и/или раководител на паралелка (одделенски раководител). За улогата на ментор, наставникот добива 2.914 денари во основно училиште и 3.042 денари во средно училиште, а за раководител на паралелка 1.400 денари во основно и 1.480 денари во средно училиште.

***Овие податоци укажуваат на фактот дека доколку државата сака да има квалитетни и посветени наставници треба да се насочи кон соодветно вреднување на трудот на наставниците преку зголемување на платата што подразбира промена на системот на вреднување на работата на наставниците. Зголемувањето на платата на наставниците ќе поттикне квалитетно вложување на наставниците во нивната работа, а не насоченост кон подобра материјална состојба. Ниските примања на наставниците поттикнуваат професијата да не биде доволно ценета во однос на другите професии во државата.***

Промената на системот за вреднување на работата на наставниците значи, покрај подготовката и реализацијата на наставниот процес, да се вреднува какви вештини и компетенции стекнал ученикот и промоцијата што ја прави наставникот за училиштето. Досега, работата на наставниците во основно и средно образование се вреднува единствено врз основа на реализираната програма и потрошеното време за реализација на настава, без да се води грижа дали тој успеал да ги научи учениците, односно какви знаења, вештини и компетенции стекнал ученикот и како тие знаења и вештини би можел да ги примени.

## 2.3. Професионален и кариерен развој

Ако зголемувањето на платата е еден од факторите за мотивација и задоволство во работењето на наставниците**, државата треба да обезбеди и соодветен финансиски надоместок за *напредување во кариера* или за посебни резултати во работењето на наставниците.** Напредувањето на наставниците во кариера е предвидено во Законот за основното образование[19] и Законот за средното образование[20], но до денес, тоа не е реализирано во пракса, како што не е осмислен и соодветен начин да се наградуваат наставниците кои покажуваат посебни резултати во работењето.

[18] Закон за основно образование,член 85, став 10 и Закон за средно образование,член 67, став 10
[19] Закон за основно образование, член 92, став 18
[20] Закон за средно образование, член 69, став 18

***Затоа, во рамките на училиштата треба да се развијат внатрешни механизми на самоевалуација со која ќе се наградуваат успешните наставници, а ќе се мотивираат неуспешните наставници.***

# III. РЕФОРМА НА ПРОФЕСИЈАТА НАСТАВНИК

Селекцијата, изборот, обуката и задржувањето на наставниците се уште еден важен фактор за квалитетно образование. Вистинскиот изборот на кандидатите за наставници и мотивацијата за изведување квалитетна настава, со примена на техники за развој на критичко размислување и функционално применливо знаење помеѓу учениците, го гарантираат и квалитетот на учењето и наставата во училиштата. Тоа наведува дека е **неизбежна реформа на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник и модернизација на студиските програми според новите барања и техники на учење и подучување на учениците, развивање на критичкото мислење и решавање проблемски ситуации.** Неопходно е воведување посебен предмет во студиската програма за „начинот на оценување на учениците", но и обновување на професорскиот кадар кои треба да ги има истите компетенции со оние што треба да ги имаат идните наставници. Истовремено, приоритет треба да биде **инвестирањето за да се подобрат просторните и техничките услови за работа и настава, и измената на начинот на финансирање на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник. Пристапот на финансирање, каков што се применува денес, според бројот на запишани студенти, треба да се напушти, поради интересот на државата да образува наставници според квалитет, а не според квантитет. Ваквиот пристап настојува зголемување на квотата за упис и не обезбедува иницијативност за селектирање на идните студентите при уписот.**

Иницијалното образование на наставниците започнува преку реализирање на студиските програми за стекнување знаења, вештини и компетенции за професијата наставник, регулирани со Законот за високото образование, на факултетите каде се стекнува квалификација за професијата наставник.

Приемниот испит би требало да биде услов што треба за го исполни секој кандидат кој сака да се запише на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник, но и пропишување соодветни критериуми за упис во кои, освен општите критериуми, би биле пропишани и специфични критериуми за упис. Критериумите се однесуваат на високиот просек на оцените на завршените ученици, без можност за измена во вториот и третиот уписен рок, доделени награди од предметни подрачја и способност за писмено изразување преку доставување мотивациско писмо за изучување на професијата наставник.

Досегашната пракса покажа дека освен општите критериуми кои важат за сите факултети, просек од општиот успех и положена државна матура, нема пропишани специфични критериуми за упис. Најзагрижувачки е што во третиот и четвртиот уписен рок се дозволува упис на студенти со положена училишна матура или завршен испит. Извадок од конкурс:

„право на упис покрај кандидатите со државна и меѓународна матура, имаат и кандидатите кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење"[21].

Ваквата состојба е во колизија со Законот за високото образование, донесен во мај 2018 година.[22]

---

[21] Дополнителен конкурс за запишување студенти во прва година на прв циклус на студии на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски" – Битола на академската 2018/2019 година за четврт уписен рок tfb.uklo.edu.mk/filemanager/Dopolnitelen%20konkurs%20cetvrt%20upisen%20rok%202018-2019.pdf (пристапено на 02 април 2019 година)

[22] Закон за високото образование, член 134, став 2

**Приемниот испит на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник, посебно за одделенски наставник, е во насока на проверка на знаењата за логичко размислување, примена на математички операции, писмено изразување, говорење, изразено преку гласно читање на извадок од литературно-уметнички текст и разговор за прочитаниот текст, како и проверка на музичките и ликовните способности.** Изразувањето, разбирливоста, соодветниот ритам на говор, интонацијата, интензитетот, паузата се вреднуваат преку гласното читање на извадокот од текстот, додека нивото на комуникациска компетентност и примената на граматичките, лексичките и стилистичките норми во изразувањето се вреднуваат преку разговорот за текстот кој е прочитан.

Кога станува збор за приемниот испит, истиот, како услов, е предвиден при уписот на Академијата за наставници[23] за селекција на кандидати кои ќе вршат работата наставник, по завршување на студиите. При тоа, во Законот за Академијата за наставници[24], се дефинирани општите услови за упис на Академијата:

„завршени високообразовни студии од прв, односно од втор циклус студии, на наставничките и на други факултети, со стекнати најмалку 240 кредити, и

постигнат просечен успех 7.00 за кандидатите кои завршиле студии од областа на природно-математичките, техничките и медицинските науки, и постигнат просечен успех 8.00 за кандидатите кои завршиле студии од областа на општествените и хуманистичките науки."

Но според овој Закон, селекцијата на кандидати за наставници, како и создавање нова институција за иницијално образование на наставници во која селектираните кандидатите ќе имаат теоретската и практичната обука за стекнување „пошироки знаења од областа на педагошките науки и современите методи на работа" и нивно оспособување „да ја планираат и реализираат воспитно-образовна работа"[25], после завршување на четиригодишните студии на наставничките факултети, делува малку нелогично. Со ваквиот пристап за селекција на кандидати преку Академијата за наставници по завршување на додипломските студии, се деградира позицијата на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник и се доведуваат во прашање компетенциите на академскиот кадар вработен на факултетот. Според тоа, стекнатите звањата по завршување на студиите, се недоволни за реализација на професијата наставник, додека обуката во траење од неколку месеци ќе претставува единствен услов за добивање звање „наставник".

Уште позагрижувачко е што на Академијата, квотите за упис во програмата за обука, ќе ги одобрува Владата, земајќи го предвид вкупниот број на слободни места за наставници во основните и средните училишта врз основа на проекција за потребите од работни места по општини и јазици на кои се изведува наставата.[26] Изработката на проекција за потребите од работни места по општини и јазици на кои се изведува наставата врз основа на вкупниот број слободни места за наставници во основните и средните училишта потребно е редовно да се прави, но пред да се пропишат квотите за упис на факултетите за иницијално образование на наставниците. Според ова, статусот на оние дипломирани студенти кои нема да бидат примени на Академијата би останал нерешен и ќе се зголеми вишокот на невработени дипломирани студенти од факултетите каде се стекнува квалификација за професијата наставник, кои, од било која причина, не успеале да се запишат на Академијата.

***Ова укажува дека имаме непотребно дуплирање на институции за селекција и обука на наставници. Имено, селекцијата на кандидатите треба да се направи уште при уписот на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник, додека продлабоченото оспособување на кандидатите би требало да се направи со измени во студиските програми за иницијално образование на наставниците. На тој начин не би се***

---

[23] Закон за Академија на наставници, член 38
[24] Закон за Академија на наставници, член 41
[25] Закон за Академија на наставници, член 47
[26] Закон за Академија на наставници, член 37

***создавал вишок на невработени дипломирани студенти од наставничките факултети. Академијата на наставници треба да биде насочена кон обезбедување на обуки за стручно усовршување на наставниците.***

**Практичната обука, која би можела да трае три до пет месеци, последната година од факултетот, треба да биде услов за одбрана на дипломскиот труд.** Во таа насока, практичната обука би требало да се реализира во училиште и студентот да учествува како асистент на наставникот. Изборот на менторот кој ќе го следи студентот треба да се прави според соодветни критериуми, а училиштата кои примаат студенти на пракса да бидат финансиски поддржани.

***Ова укажува на фактот за да имаме компетентни наставници мора да имаме и факултети на кои се стекнува квалификација за професијата наставник со високи критериуми за работа. Затоа е неопходно да се направи реформа и модернизација на факултетите, обнова на академскиот кадар и измена на начинот на финансирање. Приемниот испит, дефинираните критериуми, практичната обука и одбраната на дипломскиот труд да се основните услови за стекнување квалификација за професијата наставник. Студиските програми треба да предвидуваат четиригодишни студии и вкупен број на кредити не помалку од 240, без исключок.***

Преку студиските програми на факултетите, дипломираните наставници, ги стекнуваат основните компетенции и ги исполнуваат минималните стандарди за професијата наставник. За унапредување на компетенциите на наставниците неопходни се континуирани обуки. **Со Законот за основно образование[27] и Законот за средно образование[28] е предвидено задолжително континуирано усовршување на наставниците како поттик да се постигне повисок степен на наставни компетенции во текот на кариерата,** додека во Законот за Бирото за развој на образованието[29] предвидени се обуките на наставниците. Постои Каталог за обуки[30], истиот не е обновен, затоа обуките кои се нудат се застарени и не ги следат новите реформи во образованието. **Праксата покажува дека нема изградено систем на континуирана доедукација на наставниот кадар.** Наставниците по стручни предмети, немаат можност да стекнуваат формални компетенции за изведување настава, освен преку дополнителните предмети (вкупно пет) за методско-педагошка квалификација, што доведува до импровизацијата на наставата и примената на несоодветни методи при изведување на наставата.

***Овие сознанија укажуваат дека доколку државата сака стручен и оспособен наставен кадар кои лесно ќе ги прифаќа и ќе се прилагодува на новите предизвици мора да воспостави систем на доедукација и стручно оспособување на наставниците, кој би се засновал врз стабилни извори на финансирање, чии средства би се користеле исклучиво за таа намена.***

Стручниот испит, исто така, е еден од факторите за обезбедување квалитет во образованието. Тој се реализира после една година од вработувањето на наставникот, но од праксата се добива впечаток дека стручниот испит претежно има формален карактер. **За да се обезбеди квалитет, треба да се делува во насока на зајакнување на критериумите за реализација на стручниот испит, и истиот, да добие третман на државен испит, по примерот на испитот за лекари, со можност за добивање лиценца**.

Во повеќе земји во ОЕЦД, од потенцијалните наставници, се бара дополнително да полагаат испит за добивање лиценца. Преку испитот можат да се препознаат знаењата, вештините и компетенциите кои се важни за наставата, а со лиценцирањето се зајакнува конкурентноста кај наставничкиот кадар. Лиценцирањето на наставниците е предвидено и во нашата земја со Законот за наставници во основните и средните училишта[31] каде стои дека наставата во основните и средните училишта ја изведуваат

---

[27] Закон за основното образование, член 130, став11

[28] Закон за средното образование, член 68

[29] Закон за Бирото за развој на образованието, член 8

[30] Закон за Бирото за развој на образованието, член 13,став 9

[31] Законот за наставниците во основните и средните училишта, член 4

лиценцирани наставници и во Законот за Академија на наставници[32], во кој се регулира лиценцирањето. Во Законот за наставници во основните и средните училишта[33], е предвидено, наставникот да има лиценца за наставник која ќе биде издадена од Академијата за наставници и да се запише во Регистарот на наставници со лиценца. Но, до денес, законите, сеуште не се применети во пракса и не е формирана Академијата за наставници.

***Сепак, лиценцирањето како процес треба да го вршат здруженија на наставници, и тоа веднаш по завршување на студиската програма за иницијално образование на наставниците, каков што е примерот со лекарската комора или комората на психолози и ќе водат грижа за статусот на наставниците и наставничката професија.***

**Селекцијата и изборот на наставниците треба да се заснова на критериуми за селекција на потребните компетенции[34] што мора да ги поседува еден наставник**, не на неговата политичка припадност. Кодексот на однесување и кодексот на облекување на наставниците треба да се дел училишната култура .

# IV. МЕНАЏИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## 4.1. Управување со образовните институции

Раководниот кадар во училиштата, работната средина, условите за работа на наставниците, автономијата за креативно организирање на наставата и улогата на родителот се останатите фактори кои влијаат на квалитетот на образованието. **Раководниот кадар треба да е компетентен и оспособен за менаџирање на процесите во училиштето.** Селекцијата и изборот на директор на училиште се врши од страна на Градоначалникот на локалната самоуправа, врз основа на исполнетост на критериуми: најмалку високо образование и исполнетост на услови за наставник или стручен соработник во основно училиште, најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор, соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT), ИЕЛТС (IELTS), БУЛАТС (BULATS) КЕТ (KET) (Cambridge English), положен психолошки тест и тест за интегритет, и поседување потврда дека во моментот на именување нема изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.[35] Обуките за директори ги реализира Државниот испитен центар врз основа на акредитирана програма за обука која се состои од 6 модули и изработка на семинарски работи. **Но и покрај предвидените критериуми, праксата покажува дека директорите се менуваат со промена на политичката структура на државата, без да се внимава на рокот на траење на мандатот на директорот, квалитетот на образовниот процес кој се спроведува и успехот на училиштето за време на неговото менаџирање.** Можеби треба да се размислува дека селекцијата и изборот на директорот на училишта заради поголем квалитет и компетентност, да го прави Министерството за образование и наука, наместо Градоначалникот.

Кога станува збор за критериумите за влез во обуката за директор мора да се до прецизира критериумот дека обуката за директори можат да ја реализираат лица со завршено, најмалку високо образование, во траење од четири години, бидејќи високо образование подразбира тригодишни и четири годишни студии (180 и 240 кредити.) Недозволиво е раководен кадар кои треба да ја води образовната институција да биде со завршени тригодишни студии.

За разлика од кај нас, во Словенија постои посебна институција наречена „Школа за директори“ која реализира програма за обука на раководниот кадар, но и дообука и советување на раководните лица

---

[32] Законот за Академијата за наставници, член 53
[33] Законот за наставниците во основните и средните училишта, член 2
[34] Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта , по подрачја https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/01/Pravilnik-za-osnovnite-profesionalni-kompetencii-na-nastavnicite.pdf (пристапено на 17 април 2019 година)
[35] Закон за основното образование, член 128, став 3 и Закон за средното образование, член 91, став 2

на образовните институции. Во Финска, пак, критериумите за раководниот тим се подигнати на уште повисоко ниво и кандидатот за директор, треба да има стекнато титула магистер по образовен менаџмент.

## 4.2. Наставен процес

*Условите за одвивање на наставниот процес* се уште еден од факторите за квалитетно образование. **Државата, треба да размислува за издвојување поголеми средства во образованието и да поттикнува набавка на соодветни наставни средства, помагала, опрема и материјали, потребни за одржување квалитетна настава**. Наставата со примена на нагледни средства на часот и очигледност на наставната единица која се изучува, е важен фактор за подобрување на резултатите од учење кај учениците на ниво на училиште. За да се изведе квалитетна настава во стручните училишта, за развивање на практичните вештини на учениците, потребни се лаборатории, опрема, машини и работни материјали кои мора да се набавуваат во континуитет. Состојбата во поглед на техничката опременост со аудио и визуелни средства за настава, како и со нагледни алатки, загрижува. Денес, најчесто помагало во осовременување на наставата се ЛЦД проекторите и застарените програми на компјутерите, што не е доволно за реализирање на новиот тип на настава за критично размислување и самостојно истражување на ученикот.

***Ваквата состојба, без нагледност во процесите, едноставно оди во прилог на фактографскиот пристап на настава, а не кон настава која го поттикнува креативното мислење и примената на искуственото знаење. Затоа државата доколку сака квалитетно образование мора да го зголеми инвестирањето во образованието и тоа да и стане приоритет во следните 10 години.***

Во процесот на настава и учење, денес, наставниците се фокусирани на реализација на преобемната наставна програма, додека учениците се фокусирани на меморирање и репродуцирање на знаењата. Тие учат голем број факти и податоци, но многу малку учат за нивната смисла и поврзаност, и најважно од се, примената на истите. Се јавува неповрзаност (или има минимални обиди за поврзување) на една наставна единица од еден предмет со другите предмети кои се предаваат во истата година, било да се работи за поврзување на природните предмети со математика, или на останатите предмети со мајчин јазик и уметностите. **Тоа оди во прилог на фактот дека нашите ученици не се подготвени за решавање проблемски задачи и самостојно откривање на соодветното решение со примена на знаењата кои ги стекнале во текот на учењето.** За жал, ова го потврдуваат и резултатите од ПИСА тестирањето, кои покажаа дека пристапот на учење во нашата земја е различен од методологијата на мерење на знаењата на ОЕЦД. Постигањата на учениците од нашата земја се слаби, односно од 72 држави учеснички во студијата, во читање со разбирање и во писменост во природните науки се наоѓаме на 69 место, а во математичка писменост на 68 место[36]. Според последното ПИСА тестирање спроведено во 2015 година, дадено во табела број 5, постигањата на учениците мерени според поставените шест нивоа на владеење на материјата (каде ниво 1 е најниско ниво, а ниво 6 највисоко) изгледаат вака:

**Табела бр. 5** Постигања на учениците во ПИСА 2015 тестирањето

| Нивоа | Наука во % | | Математика во % | | Читање во % | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОЕЦД просек | РСМ | ОЕЦД просек | РСМ | ОЕЦД просек | РСМ |
| 1 | 1,1 | 0 | 2,3 | 0,2 | 1,1 | 0 |
| 2 | 6,7 | 0,2 | 8,4 | 0,7 | 7,2 | 0,2 |
| 3 | 19 | 2 | 18,6 | 3,1 | 20,5 | 1,7 |
| 4 | 27,2 | 10,3 | 24,8 | 8,6 | 27,9 | 8,1 |
| 5 | 24,8 | 24,6 | 22,5 | 17,3 | 23,3 | 19,3 |
| 6 | 21,2 | 62,9 | 23,4 | 70,2 | 20,1 | 70,7 |

[36]Ламева, д-р Бети, д-р Тања Андоновска-Митревска, Лирие Реџепи, д-р Виолета Наумовска, д-р Катица Спасовска Бинчев, д-р Даниела Јорданова и Решат Рамадани, *Извештај за постигањата на учениците во Република Македонија*, стр.11

*Извор: Извештај за постигањата на учениците во Република Македонија*[37]

Бројот на предмети и бројот на ученици во паралелката се уште еден фактор кој влијае на образованието. **Наставниот план треба да се растерети од непотребниот број предмети и содржини.** Ученикот е оптоварен со голем број наставни единици и честопати се случува да нема можност за проверка на неговите знаења. **Предметите да бидат интегрирани во подрачја како наука, општество, јазик и култура и да се надополнуваат. Наставната програма да биде конципирана според резултати од учење и постигнување на резултатите од учење.** Примената на ИТ технологијата и креативните наставни методи и техники е неопходна за постигнување на резултатите од учење. Намалувањето на бројот на предмети и воспоставување пристап базиран на резултати од учење придонесува за поголема флексибилност во образованието и применливост на тоа што е релевантно за општеството. **Намалувањето на бројката на ученици во паралелка, од 20 до 25 ученици, води кон квалитетен пристап во подучувањето на ученикот и можност за реализација на практичната обука.**

**Во реализација на наставата, наставниците, треба да бидат насочени кон примена на проблемски задачи и ситуации каде учениците би ги примениле знаењата стекнати и од другите предмети. Наставниците, кај учениците, треба да ја развиваат вештината на примена на стекнатите знаења, способноста за откривање извори на нови знаења и способноста за користење различни техники за презентирање на знаењата**. Денес, повеќе се води грижа за способноста на учениците да ги репродуцираат содржините од програмата и за тоа, учениците добиваат квантитативна оценка врз основа на проценката на наставникот. Затоа, проверката на знаењата на учениците треба да се базира на отворени прашања преку кои ќе може да се проверува начинот на кој ученикот размислува. Затворените прашања, не доведуваат до критичко размислување, и често можат да се одговорат случајно. Процесот на размислување кај ученикот треба да биде поважен од самиот резултат. Завршните документи во кои се запишуваат квантитативните оценки треба да бидат надополнети со соодветен додаток на документот во кои ќе се напишат резултатите од учењето, односно што знае, какви вештини поседува и за што е оспособен ученикот.

Кога станува збор за квалитетно образование наставниците во Финска имаат комплетна автономија во организирање на наставниот процес, сами го подготвуваат наставниот план и го осмислуваат начинот на кој ќе ги подучуваат децата. Целта на наставниот процес е да ги научат децата да размислуваат и да бидат креативни и иновативни. Исто така, тие се во позиција да им помагаат на децата и да ги насочат при изборот на идната професија, што не е случај кај нас.

***Ова укажува дека, доколку сакаме образование кое ќе биде применливо, треба да им се овозможи поголема автономија на наставниците сами да го креираат наставниот процес врз основа на општ наставен план и програма. Наставната програма да вклучува интегративни програмски подрачја како наука, општество, јазик и култура и да предвидува повеќе часови за проверка на знаењата преку применливост на знаењата во различни ситуации. Наставниците да бидат фокусирани да ги научат учениците како да учат и како да ги применуваат стекнатите знаења. Учениците да се наградуваат, не, за она што го знаат, туку за тоа, што можат да го направат со своето знаење.***

[37] Ламева, д-р Бети, д-р Тања Андоновска-Митревска, Лирие Реџепи, д-р Виолета Наумовска, д-р Катица Спасовска Бинчева, д-р Даниела Јорданова и Решат Рамадани, *Извештај за постигањата на учениците во Република Македонија*, стр.14

### 4.3. Практична обука кај работодавач за применливост на вештините и квалификациите на учениците по завршување на образовниот процес

**Квалитетот на образованието се гледа и во неговата прилагодливиот на потребите на економијата и општеството во целина и применливост на вештините и квалификациите на учениците по завршување на образовниот процес.** Затоа е потребно, да се има посериозен пристап, и од страна на училиштето и наставниците, и од страна на учениците и работодавачите, во реализацијата на практичната обука на учениците која се реализира кај работодавач. Ученикот мора да разбере дека практичната обука за него е можност теоретските знаења практично да ги примени на работно место и да учи од искусни и вешти лица. Работодавачите треба да ги отворат вратите за прием на ученици за практична обука, да ги обучуваат според нивните можности, и на тоа да гледаат како можност да добијат оспособена и стручна работна сила која ќе ја регрутираат за своите потреби. Сериозниот пристап од страна на училиштето значи дека ја исполнува својата цел да подготвува стручни и компетентни кадри кои ќе одговорат на барањата на бизнис заедницата. Стандардите за изведување на практичната обука се изготвени и се прават напори за нивна примена. Но, праксата покажува дека поголеми пречки се јавуваат поради законската легислатива во која не се целосно уредени постапките за реализирање на практичната обука и не се хармонизирани со законите од другите сектори кои ја опфаќаат оваа проблематика како законите од областа на трудот и социјалата, од областа на здравството и од областа на финансиите. Сеуште не е отпочната во праксата примената на членот 15 од Законот за стручно образование и обука, за финансиски, даночни и царински овластувања за работодавачот кој ќе прими ученици на практична обука со што ги демотивира работодавачите, посебно од малите и средни фирми да примаат ученици за реализација на практичната обука. Но исто така многу малку работодавачи одвојуваат надоместок за ученичкиот труд за учениците кои реализираат практична обука кај нив како можност да ја поттикнат нивната мотивација за посериозен пристап кон практичната обука. Контролата од инспекциско тело, исто така, може да поттикне квалитет во реализацијата на практичната обука.

### 4.4. Професионално и кариерно советување на учениците

Насочувањето кон идната професија како процес кај нас се случува премногу касно, и тоа во средното образование. Во средните стручни училишта одамна има отворени Центри за кариера кои главно се занимаваат со подготвување на учениците за вработување преку подготвување на мотивирачко писмо, биографија и однесување на прво интервју, но динамиката и квалитетот на работа се разликува од едно во друго училиште и не е секаде ист. Проектот на УСАИД и ЈЕС мрежата даде најголем придонес кон отворањето на центрите и обуките за кариерно советување, но недостасува системска заснованост на овој важен процес. Како примери за кариерно советување може да се земат презентациите што се прават од страна на средните училишта во основните училишта на крајот на учебната година во завршните паралелки, но тоа се прави од причина да се привлечат ученици за упис во нивните училишта, отколку да се влијае на изборот за идната професија или занимање на учениците. **Целта на кариерното советување и насочување би била исполнета доколку кариерните советници својата функција би ја вршеле во основните училишта. Тие би го следеле развојот и напредокот на учениците и според нивните способности би ги насочувале во правилен избор на идната професија или занимање и би ги насочувале при упис во средните училишта**. Денес, професионалната ориентација, преку следењето на постигнувањата и способностите на учениците во основното образование е само знак на индивидуално поставување и посветеност на училишниот психолог. Со новиот Закон за основно образование[38] донесен во август 2019 години, во кој е предвидена професионалната орјентација на

[38] Закон за основно образование, член 47, http://www.mon.gov.mk/images/Zakon_za_osnovnoto_obrazovanie_br._161-_2019.pdf/ пристапено на 24 септември 2019 година

учениците, би требало да поттикне посериозен пристап на училиштата во следењето на постигнувањата и способностите на учениците во основното образование и нивно професионално насочување.

***Ова состојба ја лоцира потребата од нов стратешки приод во образованието, односно давање вистинска смисла на улогата на Кариерните центри кои професионално ќе ги насочуваат учениците преку образование до вработување***.

**Кариеното советување на учениците во последната година од основното образование или по завршување на истото, треба да биде една од активностите на Стопанската Комора за насочување на учениците за упис во стручните училишта и стекнување квалификации на барање на работодавачите.** За таа цел, Комората, би требало да отвори Кариерни центри за советување на учениците во кои ќе бидат вработени квалификувани психолози како професионални советници. Истите, преку примена на разни психодијагностички инструменти и тестови, ќе направат проценка на способностите и амбициите на учениците и професионално ќе ги насочуваат кон стекнување соодветна квалификација и правилен избор за упис во средните училишта. Кариерните центри треба да бидат сврзното ткиво на различните нивоа на образование и ориентирани кон пазарот на трудот. **Вистинскиот избор на идната професија на учениците значи создавање идна работна сила, барана на пазарот на труд, а не хипер продукција на кадар кој не е побаруван на пазарот и за кој нема работни позиции. Тоа значи усогласување на побарувачката и понудата на пазарот на труд.**

## 4.5. Релација родител - ученик – училиште

Релацијата родител-училиште е следниот значаен фактор за квалитетот на образованието. Во оваа насока, треба дефинирање на правата и одговорностите на родителите. Родителите имаат право на свои мислења и идеи по однос на програмата, но не смеат да се мешаат во реализацијата на часот на наставникот и да вршат притисок врз креирањето на оценката и дефинирањето на компетенциите на ученикот. Креирањето на оценката и дефинирањето на компетенциите на ученикот е задача на наставникот кој го следи развојот, постигнувањата и напредокот на учениците. **Родителите би требало посериозно да се позанимаваат со постигањата на нивните деца, односно со причината на непостигањето на резултатите од учење и изнаоѓање начини како да се помогне на детето, а не со префрлање на вината на наставниците и училиштето за слабиот резултат на ученикот.** Во тој воспитно-образовен процес неизбежна е соработката со родителите и за вистинскиот избор на идната професија на нивното дете според неговите можности, способности и амбиции. Родителите не би смееле своите амбиции да ги пресликаат во изборот на професијата на детето. Тоа предизвикува фрустрација кај детето и демотивација за развивање и надградување на неговите вештини и компетенции за кои има желба и амбиции.



***Затоа, за успешна реализацијата родител-училиште мора да се дефинираат правата и обврските на родителите, зошто преголема либерализација во односот родител-училиште доведува до намалување на квалитетот на образованието.***

# V. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И УЧЕБНИЦИ

Следен фактор кои влијае на образованието е преобемната законска регулатива. **Во моментов постојат 20 закони и над 30 подзаконски акти кои го регулираат образованието. Најчесто законите помеѓу себе не се хармонизирани, се јавува преклопување на надлежностите помеѓу институциите или одредена образовна институција е фаворизирана во однос на друга институција**. За да биде динамично и флексибилно и да излезе во пресрет на барањата на работодавачите во образованието се прават реформи според одреден закон, но ваквите реформи се косат со друг закон од областа на образованието. Пр. Законот за Националната рамка на квалификации[39] овозможува образованието да одговори на брзите потреби на пазарот на труд и дизајнирање на нови квалификации според барањата на работодавачите, но од друга страна тоа не е во согласност со Законот за стручно образование и обука или Законот за средно образование во делот на дизајнирање на наставните програми врз основа на резултатите од учење. Следна појава е процесот на валидација на неформалното образование кое е предвидено во законот за Националната рамка на квалификации[40], но не е предвидено во Законот за образование на возрасните. Има уште многу вакви примери. Се јавуваат и практични случаи каде процесите не се допрецизирани со законите и создаваат недоумици. Видлив е примерот со практичната обука во компании која не е допрецизирана во Законот за стручно образование и обука или со верификацијата на институцијата за полагање на мајсторскиот испит. Бришењето на член од одреден закон, без да се води грижа дали постои во друг закон или нивна хармонизација и исто така честа појава, како што е честа појавата законите да не се компатибилни со законите од други области. Сето тоа, подоцна, доведува до импровизирани решенија на настанатите состојби.

***Тоа наведува на фактот дека има преголема регулација со закони во областа на образованието, но не постои хоризонталната координација во измените и донесувањето на законската легислатива, што доведува до недоумица. Измените кој се прават најчесто се парцијални, несуштински и се носат набрзина, без усогласување со останатите закони од оваа област. Исто така, не постои координација во законската легислатива со другите области/сектори. Затоа неопходно е да се направи хармонизирање на сите закони од секторот образование, а потоа хармонизирање на законите од останатите сектори.***

Состојбата со учебниците е посебен фактор за квалитет во образованието. Честопати се прават ревизии на постоечките учебници, а состојбата е позагрижувачка каде воопшто не постојат учебници, посебно по стручните предмети. Во праксата имаме цели генерации на завршени ученици кои своето образование го поминале без учебници или само со скрипти. Тоа не наведува на помислата дека една од причините за слабиот упис на учениците во стручните училишта претставува и недостигот на учебници за стручните предмети. Причината за ова треба да се бара во начинот на исплата на авторот на учебникот која се реализира на пет рати за пет години што делува дестимулирачки на авторите кои пишуваат учебници, имајки во предвид за да можат истите да се пријаваат на конкурсот, потребно е самите да го финансираат издавањето на ракописот. Тоа во себе вклучува: трудот на авторот, лекторирање на текстот, илустрирање, печатење и сл.

***За решавање на овој проблем потребни се измени во законот за учебници за исплатата на средствата на авторот на еден учебник, која треба да се изврши еднократно, веднаш по одобрување на учебникот, а не како досега, исплата на делови, во рок од пет години.***

На квалитетот на образованието делува и постојаното менување на министерот за образование и наука. Стана непишано правило секоја година да се назначува нова личност на позицијата министер за образование и наука. Тргнувајки од 2010 година, до денес, на позицијата министер се смениле 7 лица, што во просек значи дека смената се случува на секоја година ипол. Секое менување на министер значи застој

[39] Закон за Националната рамка на квалификации, член 3 , став 7 и член 4 став 12

[40] Закон за Националната рамка на квалификации, член 3, став 9

на процесите во образованието. Со преземење на функцијата, потребен е период од половина година да се разберат и научат состојбите и процесите во образованието, од причина што се поставуваат личности кои, воопшто немале контакт со образование, или имале некои теоретски, но не и практични познавања за образованието. **Образованието е комплексен процес и потребен е внимателен избор на личноста министер за образование. За оваа позиција би требало да се именува личност која има искуство од образовните процеси и бил директно вклучен во нив или личност која поминала низ реалниот сектор и ги знае потребите на пазарот на труд.** Истата појава се случува и со вработените во кабинетот на министерот, кои вообичаено се нововработени лица. Често пати, во праксата, се случува, знаењето на искусниот вработен кадар кој долго време работел на определена проблематика во образованието да не биде искористен од новоназначениот министер, што изгледа е случај само во нашата земја.

***Ова повторно укажува дека образованието не е главен приоритет на државата. Затоа е неопходно позицијата министер да биде стабилна во траење од четири и повеке години за да станат видливи резултатите на процесите кои се спроведуваат. Во оваа насока оди и фактот дека треба да се користи расположливиот кадар во министерствата со знаење и искуство за образовните процеси.***

# ПРЕПОРАКИ

Листата на фактори кои влијаат на квалитетот на образованието е многу долга, но тука се дадени само неколку состојби на кои мора итно да се работи. Од ваквите состојби, произлегоа и препораки за интервенирање во областа на образованието:

***Образованието да стане приоритет во следните 10 години.***

- *Зголемување на процентот од БДП за издвојување за образованието од 3,7% на 5%;*
- *Зголемување на инвестициите во образованието, посебно во делот на опремување со нагледни средства, опрема, алати, машини и опремување лаборатории;*
- *Правење анализа на бројот на ученици и бројот на вработени наставници и изготвување план за прием на нови кадри и распоредување на наставниците останати без часови;*
- *Менување на уписната политика;*
- *Рационализација на мрежата на стручните училишта според потребите на локалната самоуправа и регионот во целина;*
- *Развивање стратегија за привлекување на најдобрите наставници во професијата;*
- *Вреднување на наставниците и промена на системот на вреднување на работата на наставниците;*
- *Покачување на платата на наставниците. Вкупно просечната исплатена нето-плата да стане повисока од потрошувачка кошничка или да се движи како просечно исплатената нето-плата во секторот информации и комуникации;*
- *Наградување на наставниците и вложување во нивниот кариерен развој;*
- *Развивање внатрешни механизми на самоевалуација за наградување на успешните наставници и мотивирање на неуспешните наставници;*
- *Реформа на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник преку модернизација на студиските програми, примена на нови техники на настава и обнова на академскиот кадар;*
- *Дизајнирање четиригодишни студиски програми за квалификацијата наставник, со вкупен број од 240 кредити, без исклучок;*
- *Измена во финансирањето на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник;*
- *Примена на приемен испит на факултетите на кои се стекнува квалификација за професијата наставник, со дефинирани специфични критериуми за упис и селекцијата на кандидати при уписот;*
- *Воспоставување систем на доедукација и стручно оспособување на наставниците, заснован врз стабилни извори на финансирање;*
- *Лиценцирање на наставниците преку здруженијата на наставниците, по примерот на лекарската комора или коморите на психолозите.*

- *Автономија на наставниците во креирање на наставниот процес и реализација на наставната програма, поврзување на наставните единици од еден предмет со наставни единици од другите предмети и јакнење на тимската работа меѓу наставниците во реализација на наставните единици;*
- *Нагледност во процесите на наставниот час за поттикнување на креативното мислење и примената на искуственото знаење кај учениците;*
- *Намалување на бројот на предмети во наставниот план;*
- *Вклучување интегративни програмски подрачја како наука, општество, јазик и култура во наставниот план.*
- *Воведување нов пристап на подучување и проверка на постигнатите знаења, вештини и компетенции и фокусираност на наставниците да ги научат учениците како да учат и како да ги применуваат стекнатите знаења;*
- *Решавање проблемски задачи и ситуации во кои учениците би ги примениле знаењата и од другите предмети при реализација на наставата;*
- *Предвидување повеќе часови во Наставната програма за проверка на знаењата преку нивна применливост во различни ситуации;*
- *Воведување нов пристап преку отворени прашања за проверка на знаењата и начинот на кој размислува ученикот, бидејќи процесот на размислување е поважен од резултатот;*
- *Наградување на учениците според применливоста на знаењето во различни ситуации, а не врз знаењето што го поседуваат;*
- *Намалување на бројот на ученици во паралелка за квалитетен пристап кон ученикот и можност за реализација на практичната работа (25 ученици во паралелка);*
- *Зајакната соработка помеѓу училиштата и компаниите преку Стопанската комора на Македонија;*
- *Сериозен пристап во реализацијата на практичната настава;*
- *Сериозен пристап во професионалното советување на учениците од основното образование;*
- *Дефинирање на правата и обврските на родителите (преголема либерализација во односот родител-училиште доведува до намалување на квалитетот на образованието);*
- *Намалување на регулацијата со закони во областа на образованието;*
- *Хармонизирање на сите закони од секторот образование, а потоа хармонизирање со законите од останатите сектори;*
- *Измени во начинот на плаќање на авторите на учебници;*
- *Промена на праксата на честото менување на личностите кои ја вршат функцијата министер;*
- *Функцијата Министер да ја врши личност со искуство за образовните процеси и била директно вклучена во нив и/или личност која поминала низ реалниот сектор и ги знае потребите на пазарот на труд.*
- *Користење на расположливиот кадар во министерствата кои имаат знаење и искуство за образовните процеси.*

Овие препораки бараат итно спроведување активности кои ќе доведат до извесно подобрување на квалитетот во образованието**. Но сепак, Стратегијата за образованието треба да се стреми кон висок квалитет во образованието за 20% во наредните 10 години** и создавање нов тип на ученик ***,,Ученик на 21 век" кој ќе има високи когнитивни капацитети за стекнување знаења, одговорност***

***за резултатите од учењето, самостојност во планирање на својата работа и своето време, способност за критичко и креативно размислување, развиено чувство за решавање проблеми, истрајност, способност за применливост на стекнатите знаења, но и за изнаоѓање на извори за нови знаења, способност за презентирање на знаењата, и способност за самооценување и самокритичност, одговорност, тимска работа, учење преку соработка и претприемачки вештини.***

**Една држава ќе биде онолку економски богата, колку што вложува во образованието.**

**Образованието е пасош за иднината, бидејќи утрото им припаѓа на оние кои од денес се подготвуваат за него.**

***(Малком Екс)***

## БИБЛИОГРАФИЈА:


ДЗС, *Системот на образование во Република Македонија во однос на ИСЦЕД 2011, Меѓународна стандардна класификација на образованието*, Државен завод за статистика, Скопје, 2014 http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf (пристапено на 5 април 2019 година).

*Закон за основно образование*, („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) http://mon.gov.mk/images/Закон_за_основното_образование07.pdf (пристапено на 5 април 2019 година).

*Закон за основно образование (нов)*, („Службен весник на Република Македонија" бр.161 од 5.8.2019)www.mon.gov.mk/images/Zakon_za_osnovnoto_obrazovanie_br._161-_2019.pdf (пристапено на 24септември 2019 година).

*Закон за средно образование*, („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) http://mon.gov.mk/images/Закон_за_средното_образование07.pdf (пристапено на 5 април 2019 година).

*Закон за стручно образование и обука* („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015) http://mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon-za-strucno-obrazovanie-i-obuka.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

*Закон за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82 од 8.5.2018) https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-visokoto-obrazovanie-08-05-2018.pdf (пристапено на 2 април 2019 година).

*Закон за образование на возрасните* („Службен весник на Република Македонија" бр . 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015 и 30/2016) http://mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon_za_obrazovanie_na_vozrasni-26-02-2016.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

*Закон за Националната рамка за квалификации* („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013 и 30/2016) http://mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon_za_nacionalna_ramka_na_kvalifikacii_26-02-2016.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

*Закон за Бирото за развој на образованието*, („Службен весник на Република Македонија" бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 и 30/2016) http://www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/zakon_za_bro_26-02-2016.pdf (пристапено на 12 април 2019 година)

*Закон за Академија на наставниците* („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/15, 192/15, 30/16 и 127/1) http://mon.gov.mk/images/Закон_за_Академија_за_наставници.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

*Закон за наставници во основните и средните училишта* („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) http://mon.gov.mk/images/Закон_за_наставници_во_основни_и_средни_училишта07.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

*Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година*, (Службен весник на Република Македонија бр. 207 од 14 ноември 2018 година), http://www.slvesnik.com.mk/Issues/d0a0878008684f09ac644e2b11b97c81.pdf (пристапено на 30 април 2019 година).

Ламева, д-р Бети, д-р Тања Андоновска-Митревска, Лирие Реџепи, д-р Виолета Наумовска, д-р Катица Спасовска Бинчева, д-р Даниела Јорданова и Решат Рамадани, *Извештај за постигањата на учениците во Република Македонија*, Државен испитен центар, Скопје, 2016

OECD, *Education at a Glance 2017: OECD Indicators*, OECD Publishing, Paris, 2017, http://dx.doi.org/10.1787/eag-2017-en. (пристапено на 3 април 2019 година).

OECD, *Education at a Glance 2018: OECD Indicators*, OECD Publishing, Paris, 2018, https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/eag-2018_en.pdf?expires=1554380984&id=id&accname=guest&checksum=9416C99FC3F8CCA10775F6C19F14787 (пристапено на 3 април 2019 година).

OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators*, *Slovenia*, OECD Publishing, Paris, 2018,, https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/eag-2018-65-en.pdf?expires=1554381343&id=id&accname=guest&checksum=DDF2ED2CCD1B340761C077178C3DFE6E (пристапено на 3 април 2019 година).

OECD, *Education at a Glance: OECD Indicators, Finland,* OECD Publishing, Paris, 2018, https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/eag-2018-45-en.pdf?expires=1554381679&id=id&accname=guest&checksum=76871488344F3FFCA4D746E8B176086E (пристапено на 4 април 2019 година)

*Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта, по подрачја,* донесен од Министер со Решение бр.12-11338/1 од 22.06.2015 година, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2019/01/Pravilnik-za-osnovnite-profesionalni-kompetencii-na-nastavnicite.pdf (пристапено на 17 април 2019 година)

UNESCO, *International Standard Classification of Education*, UNESCO Institute for Statistics Publishing, Montreal, 2012, uis.unesco.org/sites/default/files/documents/international-standard-classification-of-education-isced-2011-en.pdf (пристапено на 5 април 2019 година).

UNESCO, *2014 Global Education for All Meeting - Final Statement The Muscat Agreement Status of EFA*, 2014, http://unesdoc.unesco.org/images/0022/002281/228122E.pdf (пристапено на 4 април 2019).

World Bank((n.d.)), "*Improving the Efficiency of Education Spending to Enhance Skills Development*".

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, МАКСтат- база на податоци makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__Plati__MesecnaBrutoNeto/125_PazTrud_Mk_bruto_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef (пристапено на 3 април 2019).

Дополнителен конкурс за запишување студенти во прва година на прв циклус на студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола на академската 2018/2019 година за четврт уписен рок, tfb.uklo.edu.mk/filemanager/Dopolnitelen%20konkurs%20cetvrt%20upisen%20rok%202018-2019.pdf (пристапено на 8 април 2019).

makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__Plati__VraboteniNeto/241_PazTrud_Mk_vraboteniG5_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=e185d5e0-abdb-407c-a486-3e588183e2c3 (пристапено на 3 април 2019 година).